**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Број 08-574/1**
**Од 06.03.2023 година**
**Скопје**

**До**
**Членовите на советот на**
**општина Ѓорче Петров**

Врз основа на член 39 и 48 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 3/19 и 5/21) и член 39 од Деловникот за работа на советот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 12/06), се донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на Дваесет и седмата седница на**
**советот на Општина Ѓорче Петров**

Ја свикувам **Дваесет и седмата** седница на советот на Општина Ѓорче Петров.

Седницата ќе се одржи на ден **13.03.2023 година (понеделник)**, со почеток во **12:00 часот,** во Салата за состаноци во Општина Ѓорче Петров.

За седницата го предлагам следниот:

**Д н е в е н р е д:**

1. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица";
2. Предлог-Одлука за прифаќање донација од СКОПСКИ ПАЗАР АД – Скопје;
3. Предлог-Одлука за прифаќање донација од Александер и Ива Долстрај Скопје;
4. Годишен Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за 2022 година;
5. Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година;
6. Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година;
7. Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2022 година;
8. Годишен Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;

9. Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;

10. Годишен Извештај за реализација на Програмата за чист воздух на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;

11. Годишен Извештај за Програмата за јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;

12. Годишен Извештај за Програмата за ЛЕР на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;

13. Годишен Извештај за Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Ѓорче Петров;

14. Годишен Извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на земјоделието за 2022 година;

15. Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;

16. Годишен Извештај за реализација на годишната програма за јавни работи и јавна чистота на територија на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;

17. Годишен Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање „Ф", Програмата за комунални дејности, Програма за локални патишта, сервисни и станбени улици и Програмата за изградба и одржување на јавни објекти за 2022 година;

18. Предлог Одлука за отпис за основни средства сопственост на Општина Ѓорче Петров;

19. Годишен финансов извештај на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;

20. Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;

21. Предлог Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година во колоните самофинансирачки активности и дотации;

22. Предлог Одлука за утврдување на висината на благајнички максимум за 2023 година и

23. Предлог Одлука за утврдување на висината на девизен благајнички максимум за 2023 година;

Ве молиме за присуство на седницата, а во случај на спреченост известете на тел. 2039-307 или 2044-411, Одделение за Нормативa.

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**